РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 39 став 1 алинеа 1 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022"), Градоначалникот му предлага на Советот на општина Виница, да донесе:

ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
За свечен дочек на Новата 2027 година

По повод Новогодишните и Божиќните празници како и дочекот на Новата 2027 година, Градоначалникот на општина Виница планира да спроведе одредени активности за одбележување на овие настани.

Се планираат повеќе активности и тоа:

1.Украсување на градот и населените места во општина Виница како и на Плоштадот „Ангел Винички", за кое нешто се планирани средства во износ од 100.000,00 денари.

2.На 31.12.2026 година-новогодишната ноќ се планира посета на дежурните служби во институциите кои оваа ноќ ќе ја поминат работно и на истите ќе им бидат поделени подароци, за што се планираат средства во износ од 50.000,00 денари.

3.Општина Виница ќе испечати рекламен материјал: нотеси пенкала и слично, во износ од 60.000,00 денари.

4.По повод Новогодишните празници, Градоначалникот заедно со Советот на општина Виница ќе ги посети и децата кои претстојуваат во детската градинка, првачињата во општинските училишта како и децата од дневниот центар за деца со посебни потреби и на нив ќе им подари пакетчиња, за што се планирани средства во висина од 90.000,00 денари.

5.Новогодишен хепенинг на Градски плоштад „Ангел Винички"-Виниленд од 25 до 29 декември 2026 година, за што се планирани средства во висина од 1.200.000,00 денари.

За сите погоре наведени активности се планирани средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предлог-Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

Предлагач
Градоначалник,
Дипл.екк.Митко Костадиновски